Истражување: Потребите на младите на локално ниво

# ПОЛОШКИ РЕГИОН



Младите можат

ЕУ со ТЕБЕ

Ко-финансирано од Европска Унија

**Издавач:**
Здружение на граѓани Младите можат

**За издавачот:**
Анита Николовска
Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

**Автор:**
Милош Јованов

**Дизајн:**
Дамјан Лозановски

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Ставовите и коментарите изразени во истата, се одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на Европската Унија.

# Содржина


Вовед 4
За Здружение на граѓани Младите можат 5
Области во кои работиме 5
Зошто постоиме? 5
Во што веруваме? 6
Зошто младинско учество? 6
Цел и методологија на истражувањето 7

**ПОЛОШКИ РЕГИОН 8**

Волонтирање и граѓански активизам 9
Предизвици во општината 16
Младински политики и застапување 22
Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 27
Здравје и благосостојба 30
Демографски податоци за истражувањето 35

# Вовед

Поттикнати од секојдневната работа со млади луѓе кои живеат, студираат и работат во нашата држава и потребата од зголемување на бројот на организации и неформални активности, одлучивме оваа година истражувањето „Потребите на младите на локално ниво" да го спроведеме во Полошки регион. Целта на истражувањето е преку квантитативна и квалитативна анализа да се идентификуваат потребите и предизвиците кои младите луѓе ги имаат во Полошкиот регион. Добиените резултати од истражувањето, односно идентификуваните потреби и предизвици ќе овозможат решавање на младинските предизвици на локално ниво, зајакнување на капацитетите на младите за вклучување во процесите на донесување на одлуки, како и зголемување на соработката помеѓу локалните власти, организации, училишта и останати чинители кои се значајни за младите луѓе.

**„Идентификувај — Инспирирај — Делувај" – пристап кон младинските проблеми по кој Младите можат е позната и на основа на кој до сега се имплементирани голем број успешни проекти.** Во текот на 2021г. Младите можат за првпат го спроведе истражувањето во три локални заедници во нашата земја, општините Карпош, Аеродром и Ѓорче Петров. Успешноста на првото издание на овој проект, не поттикна да продолжиме да го развиваме концептот и во други локални заедници, па така во 2022г. истражувањето го спроведовме и во општините Крива Паланка и Центар. Овој пристап директно опфаќа решавање на идентификуваниот проблем на овој проект. Преку овој пристап, младите започнаа да бидат активни во своите локални заедници, се запознаа со работата на локалните власти, генерираа решенија за предизвиците во своите заедници и придонесоа за нејзин развој. Преку истражувањето „Потребите на младите на локално ниво" во 2023 година се идентификуваа предизвиците и потребите на младите од општините Велес, Кочани и Струмица.

# За Здружение на граѓани Младите можат

**Младите можат** е здружение на граѓани формирано од млади за млади на 28 мај 2009 година. Во текот на 2024 г. одбележуваме 15 години постоење, повеќе од 10 000 млади вклучени директно во проекти, програми, настани и активности и над 100 активни членови кои секојдневно придонесуваат во растењето и успехот на организацијата а со тоа и во правење на позитивни промени за нашата младина и нашата заедница.

# Области во кои работиме

- **Ментално здравје**
- **Кариерно советување**
- **Волонтирање и активизам**

# Зошто постоиме?

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

# Во што веруваме?

Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

# Зошто младинско учество?

Младите се фактор за промени, потенцијал за кој треба да се охрабрува и поддржува, пред се од нивните општества. Затоа, нивната улога во денешните општества е од големо значење за демократските процеси, па заради тоа нивното оспособување, развој и подготвеност се од клучно значење. Во Македонија младите сочинуваат речиси една четвртина од целото население, или поточно 480.828 жители од вкупно 2.022.547 на возраст од 15-29 години.[1] Во Република Северна Македонија не постои организиран и системски пристап во подршка на младинското учество, додека прашањата на младите се адресираат од различни институции на национално и локално ниво.

Воспоставните практики, непостоењето на претставнички тела, ниската запознаеност на младите со претставниците на претставничките тела во образовниот систем говорат за исклученост на младите од ваквите процеси, и причините кои водат кон незапознаеност и апатија. Меѓутоа, младите како група постојано се соочуваат со бројни предизвици, испреплетени меѓу неактивноста во заедницата, недостатокот на лична одговорност и етнички тензии.

Младинското учество го дефинира пред се односот помеѓу младите и институциите односно донесувачите на одлуки. Оттаму младинското учество подразбира вклучување на младите во процеси на носењето на одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање на идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите.

---

1 Официјален податок според Државен завод за статистика - www.stat.gov.mk

Меѓутоа активното учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина.

# Цел и методологија на истражувањето

Актуелната ситуација со младите на локално ниво, ја поттикна потребата да се добијат конкретни податоци за вклученоста на младите во процесите на донесување одлуки и нивното учество во општествените текови на локално ниво. Во таа насока, Здружение на граѓани Младите можат спроведе истражување во Полошки регион во периодот август – септември 2024, користејќи два пристапи:

1. **Квалитативен пристап преку спроведување на фокус групи**
2. **Квантитативен пристап преку спроведување на онлајн анкети**

Преку квалитативниот пристап беа спроведени вкупно 2 фокус групи, во Полошки регион. Фокус групите беа одржани онлјан преку апликацијата Zoom.

Во одржаните фокус групи во Полошки регион учествуваа вкупно 14 млади, од кои 7 се мажи, а 7 жени.

Во Полошки регион, од вкупниот број на млади луѓе кој изнесува 50 772, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од регионот. Со онлајн истражување во Полошкиот регион се опфатија вкупно 139 испитаник, од кои 71 (51.1%) беа мажи и 68 (48.9%) беа жени.

Анализата на спроведеното истражување ги сумира резултатите од квалитативната анализа (фокус групи) и квантитативната анализа (онлајн истражување) во регионот, во 5 области и тоа:

1. **Волонтирање и граѓански активизам**
2. **Предизвици во општината**
3. **Младински политики и застапување**
4. **Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади**
5. **Здравје и благосостојба**

# ПОЛОШКИ РЕГИОН

# Волонтирање и граѓански активизам



Полошки регион — Потребите на младите на локално ниво

## Квалитативна анализа

Евидентно е дека младите од Полошкиот регион се заинтересирани за темата волонтирање. Речиси сите учесниците започнале со волонтирање уште во средношколските денови. Најголем дел од нив волонтирале во граѓанскиот сектор. Исто така најголемиот дел од учесниците биле дел од хуманитарни акции и помагање на луѓе на кои им е потребна. Сите учесници би продолжиле со процесот на волонтирање и во иднина. Најчесто спомнувана организација кај учесниците од Полошкиот регион за волонтирање е Црвен Крст. Во однос на придобивките од волонтирањето како главни се издвојуваат: нови вештини и нови пријателства.

> Јас сакав да видам што ќе ми понуди како искуство, што ќе научам. Започнав претходната година, но се имам бавено и со УСС во Гостивар. Има таму многу предавања но и работилници, а сметам дека ме водеше и љубопитноста за да научам.

Женско, 18 години

## Квантитативна анализа

Според податоците од онлајн анкетите, 16.5% моментално се вклучени во некоја организација, додека 49.6% никогаш не биле вклучени во некаква организација или клуб. (графикон 1)

Дали моментално си или некогаш си бил/а вклучен/а во некоја организација или клуб?




графикон 1

Од оние испитаници коишто никогаш не биле вклучени или во моментов не се вклучени во некаква организација или клуб, најголемиот дел од нив (29.3%) како причина ги наведуваат нивните веќе постоечки обврски во училиште или на работа. 28.4% одговориле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Останатите резултати се прикажани на графикон 2.

## Зошто не си дел од некоја организација/клуб?

графикон 2




Кога станува збор за вклученоста на младите во волонтерски активности ситуацијата е следната. Повеќе од половина од испитаниците (57.6%) имаат волонтирано, додека 42.4% никогаш немаат волонтирано. (графикон 3)

## Дали некогаш си учествувал/а во каква било волонтерска работа или активност?




графикон 3

Испитаниците коишто имаат волонтирано, беа запрашани како започнале. Најголем дел од нив 36.3% биле заинтересирани за областа во која волонтирале, додека 28.8% другарк/ка им предложил/а да се вклучат. Останатите одговори се претставени на графикон 4.

Како започна да волонтираш?




графикон 4

На графикон 5 е претставена фрекфенцијата на одговори дали доколку имаат можност и време младите можат да се замислат како волонтери во заедницата. 44.1% од испитаниците веројатно можат да се замислат, додека 28.8% сигурно можат да се замислат. Од резултатите може да се заклучи дека постои желба за волонтирање кај младите од Полошки регион.

Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?




графикон 5

Како најпривлечни сектори за волонтирање на младите од Полошки регион се граѓанскиот 39.5%, потоа следува државниот 32.6% и приватниот 27.9%.




графикон 6

Најголем број од испитаниците најмногу би волонтирале во областа собирање донации/спонзорства 41.9%. Втора најпривлечна област е пишување на проекти 16.3%. (графикон 7.1)




графикон 7.1

Низ призма на пол може да се забележи дека машките и женските имаат слични преференции во однос на областите во кои волонтираат/би волонтирале. Па така, машките во најголема мера (52.9%) волонтираат/би сакале да волонтираат во областа собирање донации/спонзорства исто како и женските кои во 34.6% од случаите кажале дека би волонтирале во овој сектор. (графикон 7.2)

## Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?

графикон 7.2

| | | |
|---|---|---|
| 34.6% | Собирање донации/спонзорства | 52.9% |
| 19.2% | Пишување на проекти | 11.8% |
| 11.5% | Водење на група, член на (Управен) одбор | 5.9% |
| 15.4% | Административна /сметководствена работа | 0% |
| 7.7% | Организација на настани | 5.9% |
| 7.7% | Менторство, помагање на луѓе | 11.8% |
| 3.8% | Водење и учество во кампања | 11.8% |

Во однос на фрекфенцијата на вклучување на младите во волонтерски активности, значително мал број на испитаници би волонтирале секојдневно (4.9%). За разлика од нив, нешто повеќе од една четвртина од испитаници би волонтирале неколку пати во годината (26.0%). (графикон 8)

## Колку често волонтираш / би волонтирал/а?




графикон 8

На крај од секцијата за волонтирање, испитаниците беа прашани кои се според нив очекуваните придобивки од волонтирањето. Најголем дел од нив (24.4%) одговориле дека среќаваат луѓе и стекнуваат пријатели, а 19.5% од младите рекле дека тоа ги шири нивните искуства во животот. (графикон 9)

## Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето?




графикон 9

# Предизвици во општината



Полошки регион — Потребите на младите на локално ниво

## Квалитативна анализа

Младите во Полошкиот регион се незадоволни од условите за живот во рамки на општините од кои доаѓаат. Поголемиот дел од учесниците би се преселиле надвор од општината веднаш, а доколку имаат можност, би се преселиле и надвор од државата. Како позитивни аспекти за младите се спомнуваат кафулињата од помалиот број на учесници. Од друга страна пак како полиња на кои младите очекуваат најмногу од општините се издвојуваат спортот, рекреацијата и инвестирањето во инфраструктурата во општината. Половина од учесниците  очекуваат поголема интеракција и вклучување на младите во процесите на одлучување иако според нив шансите да се случи тоа се мали.

> И јас исто не сум ич задоволен од местото тука. Освен кафулињата ништо не чини. Дали може подобри работи да направиме? Да. Но дали има луѓе да го направат тоа? Не.
>
> Машко, 17 години

## Квантитативна анализа

Во однос на ангажираноста на младите во нивната локална заедница, од спроведените онлајн анкети се забележува низок степен на вклученост во општествените текови. Речиси две третини од испитаниците 65.5% никогаш не работеле индивидуално или во група на решавање на некаков проблем во нивната општина. 16.5% од испитаниците, работеле во ваква група, но не во последните 12 месеци. (графикон 10)

### Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?




графикон 10

Запрашани за задоволството од нивниот живот во општината, 28.8% од испитаниците се неутрални на ова прашање, додека пак ист е процентот 28.8% на оние кои  делумно се задовилни. (графикон 11.1)

## Генерално, колку си задоволен со општината во којашто живееш?




Низ призма на возрасните категории може да се забележи дека различните возрасни категории имаат различни преференции во однос на задоволството од општина во која живеат. Па така, најмладите 15-19 години во најголема мера (34.1%) делумно се задоволни од општината во која живеат. Ист е процентот на задоволство и кај испитаниците од 20-24 години, додека оние од 25-29 години во најголем дел т.е. 37.3% ниту се задоволни/ниту незадоволни од општината во која живеат. (графикон 11.2)

## Генерално, колку си задоволен со општината во којашто живееш?

графикон 11.2



21.6% од испитаниците сметаат дека најголем проблем во нивната општина е слаба економија и невработеност. Понатаму, 18% од испитаниците како најголем проблем го наведуваат загаденоста на животната средина, а пак за 17.3% од испитаниците велат дека имаат недостаток на можности за млади луѓе.

## Кој е најголемиот проблем во твојата општина?

графикон 12




Најголем дел од младите во Полошкиот регион (35.3%) сметаат дека не можат да направат ништо за проблемите во нивната општина. Веднаш по нив, 25.9% од испитаниците сметаат дека тие лично можат да направат многу малку.

## Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?

графикон 13



Од друга страна пак, младите се со различни ставови за подобрувањето на општеството е работа на политичарите или на други 39.6% и дека тие имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто со цел да го подобрат општеството 60.4%. (графикон 14.1)




графикон 14.1

Интересно е да се напомене дека средношколците се поделени во своите ставови во однос на личната одговорност и правње добро во општеството, додека пак студентите во 71.0% сметаат дека имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто да го подобрат општеството, а 29.0% сметаат дека тоа е работа на други или на политичари. (графикон 14.2)




графикон 14.2

Според мислењето на мнозинството од младите испитаници, најдобар начин да се вклучат младите во општествените текови е преку граѓанските организации (34.5%). Следни се оние кои сметаат дека најдобар начин за вклучување е преку организирани јавни настани 16.5%. (графикон 15)

## Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?




графикон 15

Ставовите на младите кога станува збор за нивно евентуално отселување од општината во која живеат се следни. 28.1% веднаш би се отселиле од општината, а 35.3% веројатно би се отселиле. Доколку би имале можност за отселување, огромни 76.3% би се иселиле надвор од државата. (графикон 16)

## Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?

графикон 16



# Младински политики и застапување



Полошки регион — Потребите на младите на локално ниво

## Квалитативна анализа

Со поимот младинска политика се запознаени половина од младите учесници во Полошкиот регион. Речиси сите учесници не биле вклучени во процес на креирање на младинска политика, кај нив и сметаат дека треба да бидат консултирани во процесот на донесување на одлуки во нивната заедница. Во ретките случаи кога биле вклучени тоа било преку одредена иницијатива која била спроведена краткорочно од страна на граѓанските организации. Тие сметаат и дека младите треба да се вклучат во општествените процеси и да даваат идеи и решенија во делот каде се засегнати младите. Според нив постои поделена одговорност за невклучување на младите во донесувањето на одлуки. Имено половина од нив сметаат дека за тоа се виновни младите кои се недоволно активни, додека останатата половина сметаат дека за тоа се виновни политичарите.

> Младинските политики значат да се покрене гласот на младите, да се слушне истиот на национално и локално ниво и сметам дека директно не сум била вклучена во донесување на одлуки на локално ниво, но индиректно сум била вклучена преку сите спроведени активности преку невладините организации во кои сум учествувала.

Женско, 24 години

## Квантитативна анализа

Резултатите од онлајн анкетите исто така покажуваат дека огромен процент од младите не знаат што е поимот младинска политика (66.9%). Од оние пак кои одговориле дека знаат што е младинска политика само 19.6% навеле пример кој е поврзан со оваа тема. (графикон 17)




графикон 17

Најголем процент од млади сметаат дека воопшто не се вклучени во носењето на одлуки во нивната локална заедница (41%). Следни се младите кои велат дека донекаде се вклучени во овој процес (20.9%). (графикон 18)

Колку сметате дека лично сте вклучен/а во носењето одлуки во Вашата заедница?




графикон 18

Од испитаниците коишто сметаат дека не се вклучени во носењето на одлуки во нивната локална заедница, најголем дел како причина го наведуваат недоволно време за нивна вклученост (31.6%). Непостоењетона механизнми за соработка помеѓу граѓаните и општината е следно со 24.6%. (графикон 19)

Поради што не сте вклучени?




графикон 19

Негативни се резултатите и во однос на вклученоста на младите во подготовката на програмата и буџетот на општината во која живеат т.е. 71.2% од испитаниците сметаат дека воопшто не се вклучени во подготовката на програма и распределбата на буџетот на општината. Само 14.4 имаат учествувано во ваков процес во последните 12 месеци. (графикон 20)

## Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?

графикон 20




Следствено на претходното прашање, 48.9% од испитаниците не се запознаени со работата на локалните власти и распределбата на буџетот. 16.5% делумно не знаат, додека 24.5% делумно се запознаени. (графикон 21)

## Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?




графикон 21

Младите од Полошки регион не се запознаени дали постои Закон за младинско учество и младински политики. Имено, повеќе од половина од нив (54.7%) одговориле дека не се запознаени, а 45.3% рекле дека се запознаени со постоење на овој Закон. (графикон 22)




графикон 22

Повеќе од половина (58.3%) исто така не се информирани, дали во општината има формирано совет за млади согласно Закон за младинско учество, додека 23.7% рекле дека постои совет за млади во рамки на општината. (графикон 23)

Дали во твојата општина има формирано совет за млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики?




графикон 23

Во однос на прашањето дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за тековната година, евидентно е дека огромен процент од младите не се информирани доволно (64.0%). Оние кои одговориле дека општината има одвоено буџет за тековната година изнесува 10.8%. (графикон 24)

Дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за млади за тековната 2024 година?

графикон 24



# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



Полошки регион — Потребите на младите на локално ниво

### Квалитативна анализа

Речиси сите млади од Полошкиот регион не знаат дали општината од која доаѓаат досега поддржала некаков проект или иницијатива од страна на млади луѓе. Исто така младите не се запознаени дали општината консултира млади лица во процесот на креирање на буџетот и дали во рамки на некои проекти биле вклучени млади лица. Голем дел од учесниците се запознаени дека во рамки на нивната општина постои буџет за млади, но само двајца учесници знаат колку изнесува овој буџет. Во рамки на поддршката и отвореноста, огромно мнозинство од учесниците велат дека би учествувале во вакви иницијативи, доколку имаат можност. Нивните забелшки се и во однос на каналите за комуникација и информирање од страна на општините како и транспарентноста при доделување на средства за проекти кои се насочени кон млади.

> На прашањето дали сум учестувувала во носење одлуки или буџет, мислам дека имам учествувано додека бев во советот на млади. Кај нас директно советот на млади е поврзан со советот на општината и се одвојува буџет за млади на годишно ниво. Колку што сум информирана со тој буџет располага советот за млади, барем во мое време јас така го имав разбрано, но дали е навистина така не сум сигурна. Не знам колку изнесува точно, да бидам искрена.

Женско, 23 години

### Квантитивна анализа

Кога станува збор за иницијативи кои произлегуваат од млади луѓе кои доаѓаат од општината, како и идеи и конкретни проекти, младите од Полошки регион на онлајн истражувањете ги даваат следните одговори.

Тие сметаат дека општината е отворена за иницијативи од млади луѓе во 50.4% од случаите додека 49.6% одговориле дека општината не е отворена за вакви иницијативи. (графикон 25)




графикон 25

Слична е ситуацијата со претходното прашање. Дали сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе. Имено 52.5% рекле дека општината нема да поддржи ваква иницијатива, а 47.5% пак одговориле дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе. (графикон 26)

Дали сметаш дека општината во која живееш
финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе?




графикон 26

# Здравје и благосостојба



Полошки регион — Потребите на младите на локално ниво

## Квалитативна анализа

Кога станува збор за здравје и благосостојба на младите, просечна оценка (од 1 до 5) која ја даваат учесниците е 4. Помал дела од учесниците сметаат дека младите не се доволно информирани за оваа тема и како пример ги наведуваат лошите навики кои ги стекнуваат младите токму поради оваа неинформираност. Во однос на достапноста на здравствени услуги, најголемиот број од младите сметаат дека нивото на достапност на матичен лекар, гинеколог, невролог, психијатар, психолог и педагог е на задоволително ниво. На прашањето дали опшините ги мотивираат младите да водат здрав начин на живот, младите учесници од Полошкиот регион велат дека се делумно незадоволни од општините на ова поле и дека е потребно да има повеќе кампањи за здрав живот, здрави навики, здрава исхрана итн.

> Од страна на општината немам видено кампања или активности каде што се промовира здрава исхрана или психичко здравје. Или да имаме некоја активност како возење велосипеди, прво немаме инфраструктура за да возиме велосипеди.
>
> Машко, 27 години

## Квантитивна анализа

Во однос на оценување на нивното здравје и благосостојба, повеќе од половина од испитаниците (56.1%) даваат највисока оценка 5 за нивното здравје. (графикон 27)

## На скала од 1 до 5 како ќе го oцениш твоето здравје и благосостојба?




графикон 27

Младите од Полошки регион се поделени во однос на постоењето на стереотипи за нивното здравјте. 25.2% сметаат дека постојат по однос на посета на психолог/психијатар/психотерапевт, 24.5% велат дека постојат по однос на физичкото здравје, а 20.9% одговориле дека не постојат стереотипи. (графикон 28.1)

## Дали сметаш дека во твојата локална заедница постојат стереотипи, предрасуди и стигма (негативен став) за здравјето и грижата за истото?




графикон 28.1

Постојат различности во однос на местото на живеење на испитаниците кога станува збор за стеретипи за здравјето и грижата за истото. Испитаниците кои живеат во урбана средина, во најголем дел 25.3% велат дека постојат вакви предрасуди кога станува збор за посета на психолог/психијатар/психотерапевт. Оние пак кои живеат во рурална средина, најчесто 30.8% велат дека овие предрасуди ги има за физичкото здравје. (графикон 28.2)

## Дали сметаш дека во твојата локална заедница постојат стереотипи, предрасуди и стигма (негативен став) за здравјето и грижата за истото?

| Град | | Село |
|---|---|---|
| 20.7% | Постојат по однос на физичкото здравје | 30.8% |
| 16.1% | Постојат по однос на менталното здравје | 11.5% |
| 17.2% | Постојат по однос на посета на лекар | 11.5% |
| 25.3% | Постојат по однос на посета на психолох/психијатар /психотерапевт | 25% |

графикон 28.2

Речиси половина од младите (48.2%) не се соочиле со предизвик за стереотипи во последните 12 месеци. Од оние кои се соочиле во овој период, најголем дел биле со предизвици за физичко здравје односно 22.3%. (графикон 29)

## Дали во последните 12 месеци се имааш соочено со некои од следните предизвици?




графикон 29

Најголем дел од младите во Полошкиот регион (35.2%) кажале дека имаат достапен матичен доктор доколку имаат потреба. Најмала достапност според нив има за уролог во 12.3% од случаите (графикон 30)

## Дали се достапни во твојата заедница?




графикон 30

Во однос на достапноста на категорите за спортски активности, според младите најголема достапност имаат до теретана (29.7%), а најмала до локали за здрава храна (7.6%) (графикон 31)

## Дали се достапни во твојата заедница?




графикон 31

# Демографски податоци за истражувањето во Полошки регион




## Етничка припадност




## Возраст (категории)



## Последно завршено образование




## Занимање




